РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АПЕЛАЦИОНЕН СУД ШТИП
СУ-95/2024-1
30.01.2024 година
ШТИП

Претседателот на Апелационен суд во Штип Тони Делев, врз основа на чл.92 ст. 2 од Законот за судовите, по одржаната седница на судии на ден 30.01.2024 година ја утврди следната:

**ПРОГРАМА**

**ЗА РАБОТА НА АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ШТИП ЗА 2024 ГОДИНА**

Од предвидените 16 судиски места во Апелациониот суд во Штип, согласно одлуката на Судскиот Совет од 03.12.2015 година (Службен весник бр.213/2015), во времето на изготвувањето на оваа програма за работа на судот за 2024 година, во Апелациониот суд Штип се пополнети вкупно 5 судиски места, вклучувајќи го и Претседателот на судот.

Во текот на 2023 година четири судии заминаа во старосна пензија и тоа судијата Славчо Тасев во месец јуни 2023 година, кој работеше кривична материја, граѓанскиот судија Софија Манева - во месец септември 2023 година, граѓанскиот судија Кирче Донев - во месец октомври 2023 година и граѓанскиот судија Васка Петрова - во декември 2023 година, така што моментално судот има само пет судии заедно со Претседателот на судот од кои само еден граѓански судија и четири кривични судии, од кои еден судија од средината на месец јануари 2024 година е на подолготрајно боледување.Судски совет на РСМ во 2023 година распиша три огласи за избор на 5 судии во Апелациониот суд Штип од кои 1 кривичен судија и 4 граѓански судии, меѓутоа до сега нема извршено избор на судии по распишаните огласи.

Поради горе изнесените причини, се донесе Годишниот распоред за работа за 2024 година каде Рож предметите ги решаваат судиите кои работат кривична материја, се формираа совети во кои и самиот Претседател на суд се вклучи во прием и решавање на кривични предмети и решавање на нерешените Рож предмети од претходната година, а исто така учествува и како член на совет во граѓански предмети. Граѓанскиот судија како Претседател на совет и судија известител постапува по предметите Гж, Тсж, Р и Рож (укинати и нерешени од претходната година) со судии од кривична материја - членови на совет, а истата е член и по Рож предмети каде постапуваат судии окои работат кривична материја.

Со оглед дека судот моментално функционира со 5 судии заедно со Претседателот ќе се изготви Акционен план за решавање на стари предмети постари од 3, 5 и 7 години и нивно решавање во првиот квартал од 2024 година, кој на почетокот на оваа година изнесуваа 19 предмети постари од 3 години.

Со зголемување на бројот на судиите преку избор на судии по распишаните три огласи, а пред се во граѓанската материја се надеваме дека во голема мера ќе се намали заостатокот на нерешени граѓански предмети, кои реално и објективно не

може да ги реши само еден судија, бидејќи од вкупно 1343 нерешени предмети во 2023 година - 1147 предмети се граѓански, а само 196 предмети се кривични.

Со цел намалување на заостатокот на нерешени граѓански предмети Претседателот на судот до ССРСМ на ден 06.11.2023 и 05.01.2024 година поднесе барање за времено делегирање на тројца судии од друг Апелационен суд со цел да се помогне во решавањето на нерешените граѓански предмети и намалување на заостатокот, како и ургенција за итно постапување по тие барања од 15.01.2024 година, но до денес немаме никаков одговор од Судски совет на РСМ.

Исто така, доставени се и известувања во Судскиот Совет на РСМ и Врховен суд на РСМ за состојбата со бројот на судии во Апелациониот суд Штип од 14.12. 2023 г.

На крајот од 2023 година, заклучно со 31.12.2023 година во Апелациниот суд во Штип имало вкупно 49 вработени, од кои 5 судии заедно со Претседателот на судот, 36 судски службеници, 6 припадници на судската полиција и 2 одржувачи на хигиена.

Во Апелациониот суд Штип се користат три судници, од кои едната е опремена со систем за тонско снимање, така што бројот на судниците во целост одговараат на потребите на Апелациониот суд во Штип, заради одржување на јавни седници и главни расправи.

Стручните судски службеници се сместени по двајца или по еден во канцеларија, така што дел од нив ги користат канцелариите за судиите, кои се уште не се пополнети со судии, што укажува на околноста дека ова не преставува решение на просторните потреби со посебни канцеларии за стручните судски службеници.

Записничарите кои работат со судиите од граѓански и кривичен совет, се сместени во две канцеларии од по 5 записничари, а други упразнети канцеларии во судот нема. Потребите од поголем број на канцеларии за судските службеници во Апелациониот суд во Штип, би биле решени до колку бидат упразнети канцелариите кои ги користи Вишото јавно обвинителство во Штип.

Бидејќи досега се уште не се пополнети сите судиски места, очекуваме во текот на 2024 година, да се изврши избор не само на пет судии по распишаните три огласи, туку Апелациониот суд во Штип ќе поднесе барање за избор на уште тројца судии, со оглед на големиот број на нерешени предмети, и многубројните преставки, поплаки и ургенции поднесени од страна на странките, Судски Совет на РСМ, Народниот правобранител и други.

Со изборот на новите судии, во голема мера ќе се намали заостатокот на нерешени предмети, судот ќе биде поажурен, решавањето на предметите ќе биде со повисок квалитет на изготвени судски одлуки, ќе се има можност за решавање на предметите во определените законски рокови, согласно процесните закони, Судскиот деловник и Програмата за работа на Апелациониот суд. Со намалување на бројот на нерешени стари предмети, судот ќе биде поефикасен и поквалитетен во своето работење и во реализирација и примена на правото, како и во заштита на човековите слободи и права.

Со Програмата за работа на Апелациониот суд во Штип согласно чл. 2, 3, 33 од Законот за судовите во врска со чл.7 од Судскиот деловник, се утврдуваат работните задачи од делокругот на судот, по однос на видот и бројот на предметите, работните задачи за следење и проучување на проблемите што произлегуваат од

судската пракса, заради единствена и правилна примена на Законот, давање на правна помош на Основните судови од подрачјето на Апелациониот суд во Штип, што се обезбедува преку посети на Основните судови, заземање на определени ставови по некои правни прашања на Основните судови и друго.

Функциите на Апелациониот суд во Штип, согласно програмата на Апелациониот суд во Штип се :

- квалитетно решавање на кривичните, граѓанските, прекршочните и другите предмети во надлежност на Апелациониот суд во Штип;
- непристрасно применување на правото, без оглед на положбата и својството на странките во постапката;
- почитување на човечките слободи и права;
- заштита на човековите слободи и права;
- навремено решавање на сите предмети во надлежност на Апелациониот суд во Штип;
- обезбедување на правна сигурност и обезбедување на услови на секој граѓанин да живее безбедно во рамките на примената на правото;
- изготвување на ставови, сентенци, анализи и информации во насока на правилна примена на правото;
- давање на правна помош на Основните судови, на подрачјето на Апелациониот суд во Штип;
- утврдување на причините поради кои не се завршени старите предмети во Основните судови, на подрачјето на Апелациониот суд во Штип;
- усогласување на работата на Апелациониот суд во Штип со работата на Основните судови, преку извештаите на работата на судовите, посебно утврдување на причините за старите незавршени предмети, низ посетите на Основните судови при решавањето на конкретните предмети во жалбена постапка.
- советување и средби со судиите од Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд во Штип, што се однесува на работата на судиите;
- примена и реализација на планот за намалување на заостатокот на стари нерешени предмети во Апелациониот суд во Штип и во Основните судови
- средби и советување на судиите од кривичен и граѓански оддел со судиите од другите Апелациони судови во државата, заради изедначување на судската пракса;
- средби на ниво на Апелационите судови за изедначување на судската практика со Врховниот суд, Адвокатурата, со Здружението на судиите, во врска со едукација на судиите и со Советот за судска служба, заради едукација на судските службеници;
- реализирање на Програмата на Академијата за Обука на Судиите и јавните обвинители, и административно- техничкиот персонал од Апелациониот суд во Штип, согласно календарот за обуки на Академијата;
- континуирано подобрување и одржување на системот за управување со квалитет сертификат за стандардот за управување со квалитет ISO 9001:2015 преку редовни интерени проверки од сертифицираните интерни проверувачи во Апелационен суд Штип, редовно следење и подобрување на целосната документација на системот со цел на позитивен извештај при надворешната проверка од сертификационото тело ИНТЕРЦЕРТ.

За реализицијата на програмата се грижи Претседателот на судот, судиите и сите вработени во судот.

Работата на Апелациониот суд во Штип во 2024 година ќе се извршува преку:

- Два Кривичи совета КЖ. КСЖ.ПРКЖ и КР;
- Еден кривичен совет за деца Кжм
- Еден Граѓански совет ГЖ, ТСЖ, РОЖ и Р
- Два граѓански совети само РОЖ
- Одделение за информатика;
- Одделение за материјално и финансиско работење;
- Оддел за судска пракса и евиденција.
- Судска полиција

## РАБОТА ПО ПРЕДМЕТИ

## I

## КРИВИЧЕН СОВЕТ

Кривичните судии во 2024 година ќе работат во два кривични совети полнолетни лица (кривични , кривичен совет, кривични разни и прекршоци), и еден кривичен совет за деца кој ќе решава кривични и прекршочни предмети за деца, определени согласно Годишниот распоред за работа на судиите во Апелациониот суд во Штип за 2024 година.

Во кривичниот совет се распоредуваат пет стручни судски службеници и тоа: Раководителот на кривичен оддел, двајца судски советници, двајца судски соработници и 4 дактилографи.

Во 2024 година се очекува во кривичен совет да има вкупно по сите видови на предмети околу 1050 предмети со ориентациона норма.

Во 2024 година, помалку сложените кривични предмети ќе се решаваат во рок од 3 месеци, а повеќе сложените кривични предмети најдоцна во рок од 6 месеци од нивниот прием во судот, во кои се вклучени и предметите по кој дава предлог Вишиот јавен обвинител од Штип, и предметите по кои се одржуваат јавни седници и главни расправи, во услови на соодветен број на судии во кривичен оддел, до колку се избера повеќе судии кои ќе постапуваат по кривичните предмети.

Предметите во кривичните совети ќе се решаваат редоследно според нивниот прием во Апелациониот суд во Штип, освен во итни или други оправдани случаи.

За навременото решавање на предметите непосредно се грижи судијата кој е надлежен да постапува по конкретните предмети како судија известител и Претседателот на судот, со почитување на редот на постапувањето на предметите во смисла на чл.182 и чл.187 од Судскиот деловник.

Секој судија ќе го известува Претседателот на судот, со изготвување на извештаи за нерешени предмети во определен рок и причините поради кој не се решени предметите, и тоа на секој три месеци.

## II

## ГРАЃАНСКИ СОВЕТ

Во моментот на изготвување на Програмата за работа судот има само еден граѓански судија, но согласно Годишниот распоред за работа на судиите за 2024 година, формирани се три граѓански совети од граѓанскиот судија и тројца кривични судии, од кои едниот совет каде Претседател на совет е граѓанскиот судија ќе решава граѓански предмети Гж, Тсж, Р и Рож (укинати и нерешени од претходната година), а двата други граѓански совети ќе решаваат само Рож предмети.

Граѓанските предмети во 2024 година кои се примени во Апелациониот суд во Штип, а се помалку сложени ќе се решаваат во рок од три месеци од нивниот прием во судот, а повеќе сложените ќе се решаваат во рок од 6 месеци од приемот во судот.

Се очекува во 2023 година да има вкупно во работа околу 1700 предмети, опфатени со ориентационата норма.

Предметите ќе се решаваат по редоследот на прием на предметот во Апелациониот суд во Штип, освен во итни или други оправдани случаи, како тоа е предвидено во чл.182 од Судскиот деловник.

Во трите граѓански совети се распоредуваат 9 стручни судски службеници и тоа еден Раководителот на граѓански оддел и осум судски советници, со тоа што Раководителот на граѓански оддел во месец март 2024 година заминува во старосна пензија и 4 дактилографи.

Судијата кој постапува по предметот и Претседателот на судот, ќе се грижат за решавање на предметите според редоследот на нивниот прием или првенствено земање во работа на итни и други приоритени предмети.

## III

Секој судија од граѓански и кривичен совет е должен да го известува Претседателот на судот за нерешените предмети во определените рокови и причините за тоа, со писмен извештај на секои три месеци.

При решавањето на сите видови предмети ќе се посвети посебно внимание на забележаните пропусти на првостепените судови при решавањето на предметите во врска со времетраењето на постапката, доставување на предмети по жалба со одредени пропусти и задоцнето доставување на предметите по жалба.

За утврдените пропусти констатирани кај првостепените судови, на првостепените судови да им се укажува при реализирање на посетите во Основните судови на подрачјето на Апелациониот суд во Штип, како и со посебни укажувања.

Во случаите кога доаѓа до застареност на кривичното гонење, што е забележано при решавањето на кривичните и прекршочните предмети, треба да се утврдат и забележат причините за настапената застареност на кривичното гонење, и

да се евидентира во која фаза на постапката и кога точно е настапено застареност на кривичното гонење.

Покрај тоа, треба да се утврди при решавањето на кривичните предмети по притвор, дали овие предмети се доставуваат по жалба во Апелациониот суд во Штип навремено или не, и ако доцнат при доставувањето, да се наведат причините за тоа.

Ќе се анализира и утврди по однос на сите видови на предмети дали првостепените судови (по укинувањето на нивните судски одлуки од страна на Апелациониот суд во Штип) постапуваат по напатствијата и укажувањата на Апелациониот суд во Штип, како и укажувањата изнесени во судските одлуки на Врховниот суд на Р.С Македонија.

## IV

## ОДДЕЛ ЗА СУДСКА ПРАКСА И ЕВИДЕНЦИЈА

Во овој оддел во текот на 2024 година ќе работат Претседателот на судот Тони Делев, како Претседател на оддел за судска пракса и членови: Претседателите на кривичните совети - судиите Мирјанка Гоцевска Стефановска и Данка Ристова, Претседателот на граѓански совет- судија Светлана Јованова, а на нив ќе им помага во кривична материја - судскиот советник Васко Василев, а во граѓанска материја - судските советници Наташа Бутнејска Саздова и Елена Тасева, како и Виши судски референти – дактилографи, согласно Годишниот распоред за работа на судските службеници за 2024 година.

На седницата на одделот за судска пракса ќе се донесе План за следење на судската пракса и ќе се составуваат предлози по прашања што се изнесуваат на седниците на одделите заради завземање на определен став за воедначување на судската пракса.

Во Одделот за судска пракса ќе се евидентираат:

- Одлуките на Европскиот суд за човекови права во Стразбур;
- Иницијативи од Врховен суд на РСМ;
- Одлуки на Врховниот суд на РСМ по правни области;
- Одлуки за судска пракса поделени по правни области;
- Табели за евиденција на вонредни правни лекови и одлуки за судска пракса:
- Записници од седници на оддел;
- Правни прашања и заклучоци на советите во Апелационен суд Штип по одделни правни прашања иницирани во Апелационен суд Штип и од Основните судови од подрачјето на овој суд.
- Заеднички правни ставови на ниво на Апелационите судови на РСМ;
- Стручни трудови и осврти објавени во Билтенот на Судска пракса на Врховен суд на РСМ и збирка на судски одлуки, како и начелни ставови на Врховниот суд на РСМ;
- Анализи, информации и укажувања од Апелационен суд Штип и Основните судови на подрачјето на овој суд;
- сентенци, осврти и други материјали за Билтенот на судска пракса на Апелационен суд Штип и
- Како и други материјали од важност за судската пракса.

На седниците на Одделот за судска пракса ќе се разгледуваат одлуките од Врховниот суд на РСМ по вонредни и редовни правни лекови за кривичен и граѓански оддел и ќе се издвојуваат одлуките за судска пракса. Ќе се разгледуваат и други прашања поврзани со работата на овој оддел.

За избраните одлуки се изготвуваат сентенци, а се обработуваат и други содржини кои се поврзани со судската пракса: заклучоци од средбите на 4-те Апелациони судови во РСМ и Врховниот суд на РСМ, одлуки од ЕСЧП и други.

На крајот на годината ќе се изработи Билтен бр.16 на судската пракса на Апелационен суд Штип во печатена форма, во дигитална форма на ЦД и истиот се објавува на судската Веб страна и во споделената папка електронски информатор на судии.

Потребно е редовно ажурирање и одржување на податоците во новата Програма за судска пракса, која што беше целосно преработена во текот на 2019 година.

## ПРЕТСЕДАТЕЛ НА СУДОТ

Во делокругот и функционалната надлежност на Претседателот на судот се предметите по уписниците „СУ“, „Су-ДОВ“, „СУ.СТР.ДОВ“, „УПП“, „СУ- ИЗЗ“ и „СПИ“.

Претседателот на судот во 2024 година, ќе се грижи за ажурно работење на судот во сите видови и делови од работата и ќе презема мерки во тој правец согласно Законот.

Претседателот на Апелациониот суд во Штип ќе закажува и одржува заеднички средби, најмалку два пати годишно со Претседателите на Основните судови на кои средби ќе се анализираат податоците од судската статистика, извештаите за работа на Основните судови, ќе се превземат мерки за воедначување на судската пракса, Апелациониот суд во Штип ќе укажува на слабостите во работата на Основните судови со предлог за нивно отстранување за што ќе бидат известувани надлежните институции во РСМ, што е во согласно со чл.24 од Судскиот деловник.

## СТАРИ И ПРИРОРИТЕТНИ ПРЕДМЕТИ

Претседателите на Основните судови на подрачјето на Апелационен суд Штип, ќе ја следат работата на судиите преку АКМИС програмата што е нивна законска обврска, преку работните тела ќе ја следат состојбата со старите нерешени предмети и на Претседателот на судот ќе му предлагаат мерки за носење планови за решавање на старите предмети. Претседателите ќе се состануваат два пати годишно (март и септември) за да го следат исполнувањето на планот и евентуално негово дополнување и измена.

Судиите ќе доставуваат писмен извештај за старите нерешени предмети во месечните извештаи со причините за нерешавањето и со план кога предметот би се решил.

- Во 2024 година одговорност е на сите, вклучително и на Апелационен суд Штип, старите предмети постари од 7 години во Основните судови да се решат до крајот на првата половина на годината, а предметите од 2018, 2019, 2020, 2021, 2022 , 2023 и 2024 година да се решат до крајот на годината .

- Претседателите на Основните судови и Претседателот на Апелационен суд Штип да изготват Акционен план за намалување на заостатокот на стари предмети за 2024 година и истиот да го достават до Судскиот совет до месец март 2024 година.

- Основните судови кои имаат стари предмети во 2024 година, да посветат посебно внимание за тој број да биде намален и да се утврди причината за нерешавањето на старите предмети и евентуално постоењето на одговорност кај судиите кои не ги решиле старите предмети.

- Претседателите на Основните судови да изготват Информација за старите нерешени предмети по судии по добиените податоци од работното тело и судијата кој постапува по предметот, до месец март 2024 година.

- Во 2024 година, на секои три месеци, Претседателите на основните судови до Претседателот на Апелационен суд Штип, да доставуваат извештај за старите нерешени предмети како и програма изготвена од судиите за начинот на решавање.

- Ваквите состојби ќе се разгледуваат на заеднички состаноци помеѓу Претседателот на Апелациониот суд Штип и Претседателите на Основните судови.

- Со ажурното решавање на старите предмети ќе се придонесе за намалување на поплаките на граѓаните- странките за работата на Судовите, но и намалување на трошоците во Судскиот буџетски совет за исплата на надоместоци за судење во неразумен рок.

- Во Апелационен суд Штип се планира во 2024 година да нема повеќе нерешени предмети постари од 6 месеци од денот на приемот во судот, со исклучок на оние предмети кои од објективни причини не можеле да се решат во тој рок,. до колку се изврши избор на нови судии во Апелационен суд Штип по распишаните огласи, кои ќе работат по кривични и граѓански предмети,

## ЗБИРНИ ПРЕГЛЕДИ И ИНФОРМАЦИИ

За 2024 година ќе се изготват збирни прегледи и информации:

- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки по уписниците „КЖ“, „КЖМ“, „КСЖ“, „ПРКЖ“ и „КР“, кој што ќе го изготви судијата Данка Ристова со Раководителот на кривичен оддел, судскиот советник Стојанче Николов и судскиот соработник Симона Манева Живкова.

- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки од уписникот „ГЖ“ кој ќе го изготви судијата Светлана Јованова со судските советници Екатерина Спасова и Елисавета Поп Картова.

- збирен преглед по судови за укинати и преиначени одлуки по уписник „РОЖ“ кој ќе го изготви судијата Мирјанка Гоцевска Стефановска со судските советници Лилјана Кирова и Наташа Бутнејска Саздова

- збирен преглед за укинати и преиначени одлуки од уписникот „ТСЖ“ кој ќе го изготви судијата Светлана Јованова со судските советници Славица Јованова и

Ефимија Кралева.

- информација за постапување по „УПП“ предметите од Апелационен суд Штип за 2024 година што ќе се изготви од Претседателот на Апелационен суд Штип и Судскиот админитратор.

## СРЕДБИ И СОВЕТУВАЊА

Во текот на 2024 година се планираат советувања и средби,

- на Претседателот на Апелационен суд Штип со Претседателите на основните судови на подрачјето на Апелационен суд Штип за прашања за судската управа и други тековни прашања.

-средби на Претседателот на АС Штип со Претседателите на другите Апелационите судови во Скопје, Битола и Гостивар, за прашања од тековната работа и правни прашања во врска со решавањето на предметите.

-средби на Апелационите судови со Врховниот суд на РСМ по Оддели/совети.

Одлуката за учество на советувањата, работните средби и тркалезните маси независно од Програмата на Академијата, ќе донесува Претседателот на Судот и Претседателите на советите, во зависност од прашањата што ќе се разгледуваат на закажаните советувања и работни средби.

Претседателите на советите во Апелационен суд Штип до крајот на месец февруари 2024 година ќе ги изготват Програмите за работа на граѓанските совети и кривичниот совет.

Во Програмата за работа на граѓанските совети и кривичниот совет на Апелационен суд Штип ќе се определи календар за работни посети и средби на Основните судови на подрачјето на Апелационен суд Штип.

Стручниот кадар и админитративно-техничкиот кадар во Апелационен суд Штип исто така ќе учествуваат на советувањата што ќе ги организира Академијата за судии и јавни обвинители.

## ПОСЕТА И КОНТРОЛА НА ПОДРАЧНИТЕ СУДОВИ

Заради следење на работата на Основните судови од подрачјето на Апелационен суд Штип, околу решавање на предмети, давање стручна помош како и состојбата со старите нерешени предмети ќе се закажуваат и остваруваат посети и контроли во Основните судови.

Претседателот на Апелациониот суд Штип, заедно со Претседателите на Основните судови, ќе ја разгледува состојбата со судската управа согласно чл.7 од Судскиот деловник.

Судиите ќе даваат свое мислење за тоа:

-дали има објективни или субјективни причини за одоговлекувањето на постапката по нерешените стари предмети.

-доколку имаат одредени согледувања во врска со решавањето на предметот

тоа да го наведат заради побрзо решавање на старите нерешени предмети.

При спроведувањето на посетите и контролата на старите нерешени предмети судиите од Апелационен суд Штип ќе даваат правна помош за одредени правни прашања во врска со решавањето на предметите за кои претходно побарале помош граѓанските и кривичните оддели на судовите, а ќе ги изнесат забелешките констатирани при решавањето на второстепените предмети со цел да се надминат слабостите во решавањето на првостепените предмети и ќе укажат на други работи од важност за работата на Судот.

Судиите од Апелационен суд Штип од кривичен и граѓански совети, по извршените посети и контроли, ќе изготвуваат секој од нив посебно извештаи за превземените дејствија и извршените посети во Основните судови, и тоа во рок од 8 дена од извршените посети, кои извештаи ќе се доставаат до Судскиот совет на РСМ, Врховниот суд на РСМ, Министерството за правда и Основните судови.

Покрај тоа, во Апелационен суд Штип ќе се формираат работни групи од судии кои ќе ги спроведат посетите во месец април-мај 2024 година и септември – октомври 2024 година со што ќе се обезбеди следење на работата на Основните судови и давање на стручна помош на основните судови по нивна иницијатива или по иницијатива на Апелационен суд Штип.

Имајќи во предид малиот број на судии во судот - само пет судии, се уште не извршениот избор на пет нови судии по распишаните огласи,Претседателиот на судот ќе донесе посебен Распоред за работните посети на Основните судови по работни групи, во разумен рок..

За следење на состојбите во Основните судови, судиите кои се определени за давање правна помош, доколку имаат потреба ќе бараат од Претседателите на Основните судови одредени податоци.

За определување на судиите на давање правна помош и следење на состојбата во конкретни основни судови од Апелационото подрачје Штип ќе бидат известени Претседателите на Основните судови, Судскиот совет на РСМ и Врховниот суд на РСМ.

Секој работник од административно-техничкиот персонал е должен да води дневник за работа во кој ќе ги евидентира секојдневните извршени работи кои ќе послужат при оценката на нивната работа.

Судскиот администратор ќе ја контролира работата на сите останати вработени и водењето на Дневникот од страна на секој од нив.

Судската полиција е должна да врши обезбедување на зградата на Судот, луѓето и предметите, како што е предвидено во Планот за обезбедување од страна на Претседателот на Апелационен суд Штип, да се обучува теоретски и практично онака како што е предвидено во Програмата за обука на судската полиција и Актите донесе од Министерот за правда. Секој судски полицаец кој е на смена води евиденција за легитимирање на странките кои влегуваат и излегуваат од Судот.

За реализација на оваа Програма, одговорни се Претседателот на судот, судиите на Апелационен суд Штип, Судскиот администратор и судската служба вработена во судот.

Претседател на Судот,
Тони Делев